АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20. 02. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1045 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп

3. **Период опфатен со надзорот:** 13 февруари 2019 година, издание на емисијата "Јади бурек"

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 февруари 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор реализиран по службена должност, врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, емитуван на 13 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во делот на начелото за заштита на достоинството на личноста.

Предмет на надзор беше изданието на актуелно-информативната говорна-шоу програма „Јади бурек" емитувано на ТВ Сонце на 13 февруари 2019 година во редовниот термин по 20 часот. Анализата беше спроведена од аспект на почитување на начелата за вршење на дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Конкретното издание на емисијата е реализирано на вообичаениот начин – преку коментари за актуелните случувања и за други новости и информации од страна на водителот и на гледачите кои учествуваат преку телефонски јавувања. Во првиот дел, емисијата е посветена на информации за трагичната автобуска несреќа која неколку часа пред тоа се случи на патот Скопје-Тетово, потоа следува еклектичен дел во кој има информации и за продажба на музичко ЦД заедно

со весникот „Слободен печат", новости од списанието со религиозна тематика „Премин", коментари околу прехранбената вредност на супа од „Витаминка", критика за пакувањето вина од „Тиквеш" во картонска амбалажа, разговори со граѓаните за актуелната ситуација во државата итн.

Кон крајот од емисијата, во делот на контактот со гледачи, во времето од 21:37:54 до 21:44:29 се одвиваше следнава комуникација (цитат):

*„Јанко Илковски: „Добро вечер за следниот гледач."*

*Гледач: „Ало!"*

*Јанко Илковски: „Добро вечер, во програма сте."*

*Гледач: „ Добро вечер"*

*Јанко Илковски: „Добро вечер уште еднаш, повелете во програма сте."*

*Гледач: „А, бе, едно прашање ќе имам брат. Те имам гледано пред две години – три. Сега (неразбирливо) го пуштив телевизорот, некако за 360 степени си ми сменет. Шо е работава!"*

*Јанко Илковски: „Сакаш интервју да ти дадам."*

*Гледач: „Не бе брат, онака од радозналост... чудно..."*

*Јанко Илковски: „Не, бе, ја онака те прашувам. Пошто имаш тема, ама очигледно немаш, <u>толку ти е паметот, не знаеш шо да кажеш па бараш јас да зборам место тебе</u>, така?"*

*Гледач: „Не, бе, брат, чудно..."*

*Јанко Илковски: „Не, бе, брат, не сме браќа ја и ти, не, не, не <u>ти си топол брат. Ја со топли браќа овака, на дистанца</u>. Така што, немаш шо да каеш, бе брат."*

*Гледач: „Неее, бе, си се зафркнал..."*

*Јанко Илковски: „Имаш шо да кажеш, немаш..."*

*Гледач: „Нее..."*

*Јанко Илковски: „На темиве ќе кажеш нешто? Не, ти со мене се занимаваш. Ја ти напраив проблем у живот? Срећен си со платата?"*

*Гледач: „А, бе, пријателе... многу се... "*

*Јанко Илковски: „Срећен си со партиите? Срећен ли си?"*

*Гледач: „ Море пријателе..."*

*Јанко Илковски: „Добро ли е во државата, кажи ми?"*

*Гледач: „А, бе..."*

*Јанко Илковски: „Добро ли е или не е?"*

*Гледач: „Слушај..."*

*Јанко Илковски: „Не, не слушај, не, не, не. Пошто се јави, <u>ја командуем</u>. Земи ја емисијава или викни ме кај тебе у емисија, ја ќе ќутам и ќе ми поставиш, ќе ме*

*прашаш – Јанко кажи бе ова, ја ќе кажам тогаш. Бидејќи ја сум овдека ти да се јавиш и да кажеш...“*

*Гледач: „Море, дечко...“*

*Јанко Илковски: „... и сеа ти мене ќе ме прашуваш...не те прашав добро. Дали е добро во земјава? (пауза) Да или не?“*

*Гледач: „Јок, јок...јок, јок, јок“*

*Јанко Илковски: „...јок, јок, јок. Добра плата имаш?“*

*Гледач: „ А?“*

*Јанко Илковски: „Дали имаш добра плата? Не се прај будала дека не ме слушаш! Не ми глуми!“*

*Гледач: „Море, брат, не глумам ама не знам толку (не се слуша Јанко го покрива со својот говор)...“*

*Јанко Илковски: „...глумиш, глумиш, одговори на прашањето! Имаш ли добра плата?“*

*Гледач: „Приватник сум, приватник...“*

*Јанко Илковски: „Задоволен си од, од животот?“*

*Гледач: „А, бе, јас задоволен сум само ти не го сфати прашањево...“*

*Јанко Илковски: „Е, па, шо онда сум ти јас крив бе?! Шо се занимаваш со мене?!“*

*Гледач: „Море, дечко...“*

*Јанко Илковски: „...дали сум јас 360 или 370.“*

*Гледач: „Слушај...“*

*Јанко Илковски: „А, бе нема слушај. Сфаќаш ли дека немаш ни простор. Ти со мене се расправаш. Ти давам простор да збориш – што чини, што не чини, да кажеш добро, да кажеш лошо – не јас да кажам...“*

*Гледач: „(се обидува да дојде до збор) Не, шо не чини во ред, во ред, шо не чини... во ред, во ред ...“*

*Јанко Илковски: „...(го прекинува) Знаеш зошто? Ја ќе ти кажам. Пак не можеш да ме надзбориш...“*

*Гледач: „Слушај... “*

*Јанко Илковски: „...затоа што си глуп! Затоа што немаш шо да кажеш! И чекаш некој друг да каже – еј Јанко не кажува (тропа со тупаницата по масата), Јанко ти си се свртел (мавта со прстот). Е, па, затоа ти се дешава. Друг, другар, уште полош ќе ти биде животот, и пак мене да ме обвинуваш! Да се јавиш догодина и пак да кажеш – за 360, уште 300“*

*Гледач: „Море, дечко...“*

*Јанко Илковски: „...за 720 сум се свртел“*

*Гледач: „Море, дечко..."*

*Јанко Илковски: „... ја сум ти крив во животот шо не ти чини..."*

*Гледач: „...море, а бе многу се палиш, бе брат... (зборуваат паралелно)"*

*Јанко Илковски: „...thank you, and arividerci! Фиу, фиу (прави звук со устата) чао, чао рагаци!"*

*(гледачот е исклучен)*

*Јанко Илковски: „Е, тоа е тоа, бидејќи... ја го разбирам. Не смее на жена му да писне, не смее на шефот да писне, нема кому да писне, не смее партиски да писне. Цел живот се влече како некое лигле со улизување и сега – оу, Јанко види го, он се свртел, он не... што не сум зборел? Што и да сум зборел, јас сум тука, 20 години со отворени телефони. За разлика од тебе. Ја шо сум напраил е снимено. Ти шо си напраил? Се јавуе у емисија, немаше храброст да кажеш, ова чини, она не чини, ова го фалам, она не го фалам. Не, Јанко ти лалалололо (карикира). Иди земи од тоа винцето малце од најлон кеса - толку ти е со паметот (гестикулира со рака). И, таквите како тебе. Е, затоа после ќе се јавувате, законите не се почитуваат. Па заради вакви... он не се расправа со... со... тие што не го почитуваат законот. Тој се расправа со мене!? Јас ти направив нешто?! Не, ја праам отворена емисија. Како се вика емисијава? Сериозна е или 'Јади бурек'? 'Јади бурек' ве асоцира на нешто сериозно? Ооооохохохох. Ох, шо убао си се издував (ги тресе рацете) вака. Ау, фала ти шо се јави. Знаеш како? Вечерва, ѓоа бебенце, вака ќе спијам (со палецот во уста прави звук и имитира цицање цуцла). Супер ќе ми биде. До година се надевам дека и пол ќе ти сменат."*

*Гледачка: „Ало?"*

*Јанко Илковски: „И ќе викаш суп... Јанко, не збориш против промената на полот (карикира). Добро вечер (и се обраќа на гледачката)"*

*Гледачка: „Добро вечер "*

*Јанко Илковски: „Повелете."*

*Гледачка: „Јанко, бре, колку имаш убаво студио, место да збориш нешто подобро, само се..."*

*Јанко Илковски: „(ја прекинува) Фала многу за јавувањето!. Ако се јавувате за нешто да кажете, ако не ви се, не ви се допаѓа ја што праам, ја се извинувам, што да ви кажам. Ама не можеш да се јавиш у емисија и мене да ми солиш памет, бидејќи ви сменија табли, ви сменија све, ви направија ова, ви се случи она, вие со мене се расправате – нема проблем. И после ја ќе бидам.. А што мислите, ќе се јавувате и ја ќе ви ќутам – Фала. Јанко свињо дебела. Фала. Јанко ти си ваков таков. Фала (карикира). А не дечки, не, не, не, не, сте се зезнале (се смее). Тоа не можете дома у ве це шољата на тоа што сте си го испуштиле да го кажете, па на мене. Ха-ха. Тоа се комплекси. Луѓе, проблемите шо си ги имате ја ниту сум ви ги создал, а нема ни да ви ги решам. А тоа што немате храброст, џабе се расправате со мене, а ако сакаш да се расправаш со мене – дојди овде во студио бе! Дојди пред камера со лична карта, ја сум тој и тој. И ќе ти даам интервју. Ја стојам на располагање, секој да ме викне на интервју и да ми ги постави овие прашања. Но, да се јавиш ти у емисија анонимно тука и да... не, не очи во очи и ќе ти даам интервју, за сè ќе одговорам.*

*Никогаш не сум се криел и сум ка... Дури пред три недели на истиве овие прашања дадов одговор. Но, појма немаш, толку ти сече црпката – sorry. Во моја емисија не, ја отворив за другиве. Не сакате – не. Ве повикав на солидарност – нејќете. Ве повикав, ви дадов отворени теми – нејќете. Неколку храбри бар прозбореа дека народот е злоупотребуван. Не, вие со мене ќе се расправате. Е, па, дечки, – sorry. Сами себе се понижувате."*

Со надзорот беше утврдено дека во овој дел од емисијата „Јади бурек", водителот Јанко Илковски кон дел од соговорниците се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум бидејќи користеше навредливи зборови, употреби повишен тон, карикираше, ги оневозможуваше соговорникот и соговорничката да одговорат, ги понижуваше, се потсмеваше со нив и со дадените (обиди за) одговори, што е **спротивно на начелото за „заштита на ... достоинството на личноста" од член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, емитуван на 13 февруари 2019 година, на државно ниво, водителот на емисијата „Јади бурек" Јанко Илковски во комуникацијата со дел од гледачите користеше навредливи зборови, повишен тон, карикирање, ги оневозможуваше соговорникот и соговорничката да одговорат, ги понижуваше и се потсмеваше со нив и со нивните (обиди за) одговори, односно се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум и не го почитуваше начелото за „заштита на ... достоинството на личноста".

**9. Предлог-мерка:**

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***